# БЕЗБЕДНОСЕН КАРТОН

## СЕКЦИЈА 1: Идентификација на супстанцата/препаратот и на компанијата/превземачот

### 1.1 Идентификатор на производот

**Име на производот** **Castrol Transmax Agri Trans Plus 80W**

**Шифра на производот** 469693-BE02

**SDS (Безбедноснен картон) бр.** 469693

**Тип на производот** Течност.

**Употреба на супстанцата/препаратот** Повеќенаменско средство за подмачкување на мотори, хидраулични системи и системи на трансмисија за трактори и земјоделска механизација.
За совет за конкретна употреба, погледнете го соодветниот лист со технички податоци или консултирајте се со претставникот на нашата компанија.

### 1.3 Подробности за набавувачот и безбедносен лист со податоци

**Набавувач** Castrol Holdings Europe B.V.,
d'Arcyweg 76, 3198NA
Europoort
Rotterdam

Castrol Belgium BV,
Langerbuggerkaai 18,
9000 Gent

+32 (0)800 49312

**и-мејл адреса** MSDSadvice@bp.com

### 1.4 Телефонски број за итни случаи

**Телефонски број за итни случаи** Carechem: +44 (0) 1235 239 670 (24/7)

## СЕКЦИЈА 2: Идентификација на опаноста

### 2.1 Класификација на супстанцата или смесата

**Дефиниција на производот** Смеса

**Класификација според Регулативата (EC) 1272/2008 [CLP/GHS]**

Aquatic Chronic 3, H412

Види ја Секцијата 16 за целосен текст на H соопштенијата дадени погоре.

Видете ги деловите 11 и 12 за подетални информации за здравствените ефекти и симптоми и опасностите по животната средина.

### 2.2 Елементи на ознака

**Сигнален збор** Нема сигнален збор.

**Соопштенија за опасност** H412 - Штетен за водниот живот со долгорочни последици.

**Соопштенија за претпазливост**

**Општо** P102 - Да се чува подалеку од дофатот на деца.
P101 - Ако е потребен медицински совет амбалажата или етикетата да се при рака.

**Превенција** P273 - Да се избегнува испуштање во животната средина.

**Одговор** Не е применливо.

**Складирање** Не е применливо.

**Уништување** P501 - Да се уништи содржината/амбалажата во согласност со сите локални, национални и меѓународни прописи.

## СЕКЦИЈА 2: Идентификација на опаноста

**Дополнителни елементи на ознаки** Содржи 2-тетрадецилоксиран, производи на реакција со борна киселина. Може да предизвика алергиска реакција.

**ЕУ Регулатива (EC) No. 1907/2006 (REACH)**

**Анекс XVII - Ограничувања за производство, пласирање на пазар и употреба на опасни супстанци, смеси и артикли** Не е применливо.

**Посебни барања за пакување**

**Амбалажата да се опреми со механизми отпорни за деца** Не е применливо.

**Тактилно предупредување за опасност** Не е применливо.

### 2.3 Други опасности

**Резултати од PBT и vPvB проценка** Производот не ги исполнува критериумите за PBT или vPvB според Регулативата (ЕК) бр. 1907/2006, Анекс XIII.

**Производот ги исполнува критериумите за PBT или vPvB според Регулативата (ЕК) бр. 1907/2006, Анекс XIII** Оваа мешавина не содржи никакви супстанции за кои е проценето дека се PBT или vPvB.

**Други опасности што не резултираат во класификација** Ја обезмастува кожата.
ИСКОРИСТЕНИ МОТОРНИ МАСЛА
Искористеното моторно масло може да содржи опасни компоненти што потенцијално можат да предизвикаат рак на кожата.
Видете Токсиколошки информации, Дел 11 од овој лист со безбедносни податоци.
Белешка: Примени под висок притисок
Инјектирањето преку кожа кое резултира поради контакт со производот под висок притисок бара итна медицинска интервенција.
Видете „Белешки за лекарот“ под Мерки за прва помош, Дел 4 од овој лист со безбедносни податоци.

## СЕКЦИЈА 3: Состав/информации за состојките

### 3.2 Смеси

**Дефиниција на производот** Смеса

Високопрочистено базно масло (екстракт IP 346 DMSO < 3 %). Сопственички адитиви со перформанси.

| Производ/име на состојка | Идентификатори | % | Класификација | Специфична концентрација ограничувања, М-фактори и процени на акутна токсичност | Тип |
|---|---|---|---|---|---|
| Дестилати (нафта), третирани со водород во присуство на катализатор, тешко парафински | REACH #: 01-2119484627-25<br>EC: 265-157-1<br>CAS: 64742-54-7<br>Индекс: 649-467-00-8 | ≤3 | Asp. Tox. 1, H304 | - | [1] |
| дестилати (нафта) лесни парафински, третирани со водород | REACH #: 01-2119487077-29<br>EC: 265-158-7<br>CAS: 64742-55-8<br>Индекс: 649-468-00-3 | ≤3 | Asp. Tox. 1, H304 | - | [1] |
| Цинк биз[O,O-биз (2-етилхексил)] биз (дитиофосфат) | REACH #: 01-2119493635-27<br>EC: 224-235-5<br>CAS: 4259-15-8 | ≤3 | Eye Dam. 1, H318<br>Aquatic Chronic 2, H411 | Eye Dam. 1, H318: C ≥ 50% | [1] |
| 2-тетрадецилоксиран, производи на реакција со | REACH #: 01-2119976364-28 | <1 | Skin Sens. 1B, H317 | - | [1] |

## СЕКЦИЈА 3: Состав/информации за состојките

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| борна киселина | EC: 701-392-2<br>CAS: - | | | | |
| O, O, O-трифенил фосфоротиоат | REACH #: 01-2119979545-21<br>EC: 209-909-9<br>CAS: 597-82-0 | ≤0.1 | Aquatic Chronic 1, H410 | M [хронично] = 10 | [1] |

**Види ја Секцијата 16 за целосен текст на H соопштенијата дадени погоре.**

Тип

[1] Супстанци клсирани како опасни по здравјето или опасни по животната средина

Границите на изложеност на работно место, ако постојат, се наведни во секција 8.

## СЕКЦИЈА 4: Мерки за прва помош

### 4.1 Опис на мерките за прва помош

**Контакт со очи** Во случај на контакт, веднаш да се измијат очите со многу вода во времетраење од најмалку 15 минути. Очните капаци треба да се држат подалеку од очното јаболко за да се обезбеди темелно плакнење. Да се проверат и да се извадат контакните леќи. Да се побара медицинска помош.

**Допир со кожа** Темелно да се измие кожата со сапун и вода или да се користи друго признато средство за миење кожа. Да се отстрани контаминирана облека и чевли. Да се испере облеката пред повторна употреба. Темелно да се исчистат чевлите пред повторна употреба. Да се побара медицинска помош ако дојде до надразнување.

**Вдишување** Ако се вдише, да се однесе на свеж воздух. Да се побара медицинска помош ако се појават симптоми.

**Проголтување** Да не се предизвикува повраќање освен ако тоа не е наложено од медицински лица. На лице во несвест ништо да не му се дава преку уста. Ако е во несвест, да се постави во положба за прва помош и веднаш да се повика брза помош. Да се побара медицинска помош ако се појават симптоми.

**Заштита за лицата што даваат прва помош** Да не се презема ништо што вклучува личен ризик или без соодветна обука. Може да биде опасно за лицето кое врши реанимација при давање помош уста-на-уста.

### 4.2 Најважни симптоми и ефекти, и акутни и одложени

Да се види секција 11 за подетални информации за влијание врз здравјето и симптомите.

**Потенцијални акутни здравствени ефекти**

**Вдишување** Вдишувањето на пареата во амбиентални услови вообичаено не е проблем поради нискиот притисок на пареата.

**Проголтување** Не се познати значајни ефекти или критични ризици.

**Допир со кожа** Ја обезмастува кожата. Може да предизвика сушење и надразнување на кожата.

**Контакт со очи** Не се познати значајни ефекти или критични ризици.

**Одложени и непосредни ефекти а исто и хронични ефекти од краткотрајно и долготрајно изложување**

**Вдишување** Прекумерната изложеност на вдишување на капки што се пренесуваат преку воздухот или на аеросоли може да предизвика иритираност на респираторниот тракт.

**Проголтување** Голтањето на големи количества може да предизвика мачнина и дијареја.

**Допир со кожа** Продолжениот или повторен контакт може да ја обезмасти кожата и да доведе до иритираност, пукање и/или дерматитис.

**Контакт со очи** Можен ризик од краткотрајно печење или црвенило ако дојде до случаен контакт со очите.

### 4.3 Индикации за моментна медицинска помош и потребен посебен третман

**Забелешки за лекарот** Обично лекувањето треба да биде симптоматско и насочено кон олеснување на ефектите.

## СЕКЦИЈА 5: Противпожарни мерки

### 5.1 Медиуми за гасење пожар

**Соодветно средство за гасење** Да се употреби пена или сува хемикалија за општа употреба за гасење.

**Несоодветно средство за гасење** Да не се користи воден млаз. Употребата на воден млаз може да предизвика ширење на оганот со прскање на производот што гори.

### 5.2 Посебна опасност што произлегува од супстанцата или смесата

## СЕКЦИЈА 5: Противпожарни мерки

| | |
|---|---|
| **Опасности од супстанцата или смесата** | При пожар или ако се загрее, ќе дојде до наголемување на притисокот и амбалажата може да прсне. |
| **Опасни производи на согорување** | Производите од согорувањето може да го вклучат следното:<br>јаглеродни оксиди (CO, $CO_2$)<br>метални оксиди/оксиди<br>фосфорни оксиди<br>сулфурни оксиди ($SO_2$, $SO_3$ итн.) |

### 5.3 Совет за пожарниките

| | |
|---|---|
| **Специјални мерки на претпазливост за пожарникари** | Да не се превзема ништо што вклучува личен ризик или без соодветна обука. Веднаш да се изолира местото со отстранување на сите лица од близина на инцидентот ако има пожар. Овој материјал е штетен за водните организми. Противпожарна вода контаминирана со оваа материја мора да се зачува и да се спречи нејзино испуштање во води, одводни канали или канализација. |
| **Специјалнна заштитна опрема за пожарникари** | Пожарникарите треба да носат соодвтна заштитна опрема и независни апарати за дишење (self-contained breathing apparatus) (SCBA) со дел што целосно го покрива лицето и работи со над притисок. Облеката за пожарникарите (вклучувајќи ги шлемовите, заштитните чизми и ракавиците) кои се во согласност со европскиот стандард EN 469 обезбедуваат основна заштита при хемиски инциденти. |

## СЕКЦИЈА 6: Мерки при несреќно (случајно) испуштање

### 6.1 Лични мерки на претпазливост, заштитна опрема и процедури за итни случаи

| | |
|---|---|
| **За персонал кој не е за итни случаи** | Повикајте го персоналот за итна помош. Да не се превзема ништо што вклучува личен ризик или без соодветна обука. Да се евакуираат околните површини. Да се спречи влез на непотребниот и незаштитениот персонал. Да не се допира или гази врз истечена материја. Подовите може да бидат лизгави; внимавајте да избегнете паѓање. Да се избегнува дишење на пареата или капките. Да се обезбеди соодветна вентилација. Да се носи соодветна лична заштитна опрема. |
| **За персонал за итни случаи** | Влегувањето во затворен простор или област со слаба вентилација контаминирана со пареа, кондензација магла или чад е исклучително опасно без соодветна заштитна опрема за дишење и безбеден систем на работа. Носете соодветен хемиски заштитен костим. Хемиски отпорни чизми. Види ги информациите „За персонал кој не е за итни случаи“. |

| | |
|---|---|
| **6.2 Еколошки мерки на претпазливост** | Да се избегнува разнесување на истурен материјал и истекување и контакт со почва, води, канализација и одводни канали. Ако овој производ предизвикал загадување на животната средина (канализација, водни патишта, почва или воздух) тогаш да се информираат одговорните власти. Материјал што ја загадува водата. Може да е штетен за животната средина ако се ослободи во големи количини. |

### 6.3 Методи и материјали за изолирање и чистење

| | |
|---|---|
| **Мал излив** | Ако не е опсано, да се запре истекот. Да се тргне амбалажата од местото на истурање. Да се апсорбира со инертна материја во соодветен сад за уништување отпад. Да се уништи преку лиценциран претприемач за уништување отпад. |
| **Голем излив** | Ако не е опсано, да се запре истекот. Да се тргне амбалажата од местото на истурање. Да се пристапи на местото со ветер во грб. Да се спречи одлевање во одводни канали, водни токови, подруми или заградени простори. Да се издвои и да се собере изливот со несогорливи, апсорпциски материјали на пр. песок, земја, вермикулит или дијатомејска земја и да се стави во сад за уништување според локалните прописи. Контаминираниот апсорбентски материјал може да ја претставува истата опасност како и излеаниот производ. Да се уништи преку лиценциран претприемач за уништување отпад. |

| | |
|---|---|
| **6.4 Повикување на други секции** | Види ја Секцијата 1 за контакти во итни случаи.<br>За противпожарните мерки, погледнете во Дел 5.<br>Види ја Секцијата 8 за информации за соодветна опрема за лична заштита.<br>Види секција 12 за еколошки предупредувања.<br>Види ја Секцијата 13 за дополнителни информации за третман на отпадот. |

# СЕКЦИЈА 7: Ракување и складирање

## 7.1 Мерки на претпазливост за безбедно ракување

**Заштитни мерки**

Да се носи соодветна лична заштитна опрема. Да не се голта. Да се избегнува контакт со очи, кожа и облека. Да се избегнува дишење на пареата или капките. Да се избегнува допир со излеаната супстанца и истек во почва или површински води. Да се чува во оригиналната амбалажа или во одобрена алтернатива направена од компатибилен материјал, да биде добро затворена кога не се употребува. Да не се користи повторно оваа амбалажа. Празната амабалжа содржи остатоци од продуктот и може да биде опасна.

**Совети за општата работна хигиена**

Јадење, пиење и пушење треба да се забрани во простори каде со овој материјал се ракува, складира или процесира. Да се измие темелно по ракување. Да се отстрани контаминираната облека и заштитната опрема пред да се влези во простории за јадење. Види ја и Секцијата 8 за дополнителни информации за хигиенски мерки.

## 7.2 Услови за безбедно складирање, вклучувајќи и било каква некомпатибилности

Да се чува во согласност со локалната регулатива. Да се складира во сув, ладен и добро проветрен простор, понастрана од некомпатибилни материјали (види секција 10). Да се чува подалеку од топлина и директна сончева светлина. Да се чува садот добро затворен и запечатен до времето за употреба. Садовите кои биле отворени треба внимателно повторно да се запечатат и да се чуваат исправени за да се спречи истекување. Да се чува и да се користи само во опрема/контејнери дизајнирани за употреба со овој производ. Да не се складира во неозначена амбалажа. Да се примени соодветно изолирање за да се спречи контаминација на животната средина.

**Непогоден**

Продолжено изложување на зголемена температура

# СЕКЦИЈА 8: Контрола на изложување/лична заштита

## 8.1 Контролни параметри

### Граници на изложување на работното место

Нема позната вредност за граница на изложеност.

Иако во овој дел може да се прикажани конкретни ограничувања за професионална изложеност за одредени компоненти, во маглата, пареата и прашината што се произведуваат може да се присутни други компоненти. Затоа, конкретните ограничувања за професионална изложеност може да не важат за производот во целост и се дадени само за насоки.

**Препорачани процедури на следење (мониторинг)**

Треба да се консултираат стандардите за мониторирање, како што се: Европски стандард EN 689 (Атмосфера на работната средина - Водич за проценка на изложување со вдишување на хемиски агенси за споредба со граничните вредности и стратегија за мерење) Европски стандард EN 14042 (Атмосфера на работната средина - Водич за примена и употреба на постапки за проценка на изложување на хемиски и биолошки средства) Европски стандард EN 482 (Атмосфера на работната средина - Општи барања за изведување на постапки за мерење на хемиски средства) Исто така, може да е неопходно да се консултираат на националните документи за методите за определување на опасни супстанци.

### Индекси на биолошка изложеност

| Производ/име на состојка | Индекси на изложеност |
|---|---|

Не се познати индекси на изложеност.

### Добиено ниво без ефект

На располагање нема DNEL/DMEL.

### PNEC = претскажана концентрација без ефект

На располагање нема PNEC.

## 8.2 Контроли за изложување

**Соодветни технолошки контроли**

Обезбедете издувна вентилација или други инженерски контроли за да ги држите релевантните концентрации во воздухот под нивните соодветни ограничувања за професионална изложеност.
Треба да се изврши процена на ризикот за здравјето за сите активности кои вклучуваат хемикалии за да се загарантира дека изложеностите се контролираат соодветно. За лична заштитна опрема треба да се размисли само откако ќе се изврши соодветна процена на другите форми на контролни мерки (на пр. инженерски контроли). Личната заштитна опрема треба да е усогласена со соодветните стандарди, да биде погодна за употреба, да се одржува во добра состојба и правилно да се одржува.
Треба да се консултирате со вашиот снабдувач на лична заштитна опрема за совет за изборот и соодветните стандарди. За дополнителни информации, контактирајте ја вашата национална организација за стандарди.

## СЕКЦИЈА 8: Контрола на изложување/лична заштита

Конечниот избор на лична заштитна опрема ќе зависи од процената на ризикот. Важно е да се потврди дека сите делови од личната заштитна опрема се компатибилни.

**Индивидуални мерки за заштита**

**Хигијенски мерки** Темелно да се измијат дланките, рацете до подлактици и лицето по ракување со хемиски продукти, пред јадење, пушење и користење на тоалетот и на крај на работното време. Да се обезбедат опрема за плакнење на очите и безбедносни тушеви во близина на работното место.

**Респираторна заштита** Во случај на недоволна вентилација, да се носи погодна опрема за дишење. Правилниот избор на опрема за дишење зависи од хемикалиите со кои се работи, како и од условите на работа и употреба и од состојбата на опремата за дишење. За секоја одредена примена треба да се осмисли безбедносна постапка. Затоа заштитната опремата за дишење треба да се избере по советување со снабдувачот / производителот, земајќи ја предвид и целосната проценка на условите за работа.

**Заштита за очи/лице** Заштитини наочари со страничен штит.

**Заштита за кожа**

**Заштита за раце**

**Општи информации:**

Поради различните специфични работни средини и начини на кои се ракува со материјалот, за секоја одредена примена треба да се развие безбедносна постапка. Правилниот избор на заштитни ракавици зависи од хемикалиите со кои се работи, како и од условите на работа и употреба. Повеќето ракавици нудат заштита само одредено време пред да морате да ги фрлите и замените (дури и најдобрите ракавици што се отпорни на хемикалии ќе се распаднат по постојано изложување на хемикалии).

Ракавиците треба да се изберат по советување со снабдувачот / производителот, земајќи ја предвид и целосната проценка на условите за работа.
Се препорачува: Нитрилни ракавици.
Производителите на ракавици ги утврдуваат податоците за времето на пробивање, во услови на лабораториски испитувања и тие го претставуваат времето во кое се очекува ракавицата да нуди ефикасна отпорност на пропуштање. Кога се следат препораките за времето на пробивање важно е да се земаат предвид и реалните услови на работното место. Секогаш советувајте се со снабдувачот на ракавици за најновите технички информации во врска со времето на пробивање за препорачаниот тип на ракавици.
Нашите препораки за изборот на ракавици се следниве:

За постојан контакт:

Ракавици со минимално време на пробивање од 240 минути или >480 минути доколку може да се најдат соодветни ракавици.
Доколку не се достапни соодветни ракавици што ќе ја обезбедат таа заштита, прифатлива е употребата на ракавици со пократко време на пробивање, но само доколку се одредени и се применуваат соодветни режими за одржување и замена на ракавиците.

Краткотрајна заштита / заштита од прскање:

Препорачаното време на пробивање е исто како и погоре.
За краткотрајна и привремена изложеност се дозволува користење на ракавици и со пократко време на пробивање. Поради тоа, мора да се определат режими за одржување и замена и строго да се следат.
Дебелина на ракавиците:

За општа употреба, препорачуваме ракавици со дебелина обично поголема од 0,35 mm.

Треба да се нагласи дека дебелината на ракавиците не е задолжително добар показател за отпорноста на ракавиците на конкретна хемикалија бидејќи ефикасноста на пропустливоста на ракавицата ќе зависи од точниот состав на материјалот на ракавиците. Затоа, изборот на ракавици треба да се заснова и на согледувањето на барањата на задачата и познавањето на времињата на продор.
Дебелината на ракавиците може да варира и во зависност од производителот на ракавиците, типот на ракавиците и моделот на ракавиците. Затоа, секогаш треба да се земаат предвид техничките податоци на производителите за да се загарантира избор на најсоодветни ракавици за задачата.

Белешка: Во зависност од активноста што се врши, за конкретни задачи може да требаат ракавици со различна дебелина. На пример:

• Потенки ракавици (до 0,1 mm или помалку) може да требаат каде што е потребен висок степен на спретност со рацете. Меѓутоа, веројатноста е дека овие ракавици ќе дадат

## СЕКЦИЈА 8: Контрола на изложување/лична заштита

само краткотрајна заштита и вообичаено би биле за еднократни употреби, а потоа да се фрлат.

• Подебели ракавици (до 3 mm или повеќе) може да требаат каде што постои механички (како и хемиски) ризик т.е. каде што постои можност за триење или продупчување.

**Кожа и тело**

Употребата на заштитна облека е добра индустриска пракса.
Пред да се ракува со овој производ личната заштитна опрема за телото треба да се одбере според задачата што треба да се изврши и вклучените ризици и треба да е одобрена од специјалист.
Комбинезонот од памук или од полиестер/памук обезбедува заштита само за лесна површинска контаминација што нема да се впие до кожата. Комбинезонот треба да се пере редовно. Кога е голем ризикот за изложување на кожата (на пр., кога се чистат излевања или ако има ризик од прскање), неопходни се хемиски отпорни престилки и/или непропустлива хемиска облека и чизми.

**Погледнете ги стандардите:**

Респираторна заштита: EN 529
Ракавици: EN 420, EN 374
Заштита за очи: EN 166
Полу-маска за филтрирање: EN 149
Полу маска за филтрирање со вентил: EN 405
Полу-маска: EN 140 филтер плус
Маска за цело лице: EN 136 филтер плус
Филтри за честички : EN 143
Филтри за гас/комбинирани: EN 14387

**Контроли за изложување на животната средина**

Емисиите од вентилацијата или приборот од работниот процес треба да се проверат за да се осигура дека се во согласност со барањата на законодавството за заштита на животната средина. Во некои случаи, ќе бидат неопходни прибор, филтри или технолошки модификации на процесната опрема за да се намалат емисиите до прифатливо ниво.

## СЕКЦИЈА 9: Физички и хемиски својства

### 9.1 Информација врз основа на физички и хемиски својства

**Изглед**

| | |
|---|---|
| **Физичка состојба** | Течност. |
| **Боја** | Килибар. [Светло] |
| **Мирис** | Нема на располагање. |
| **Праг на мирис** | Нема на располагање. |
| **pH** | Не е применливо. |
| **Температура на топење/ температура на мрзнење** | Нема на располагање. |
| **Почетна температура на вриење и опсег на вриење** | Нема на располагање. |
| **Место за истурање** | -45 °C |
| **Температура на палење** | Отворена чаша: >200°C (>392°F) [Кливленд] |
| **Брзина на испарување** | Нема на располагање. |
| **Запаливост (цврсти, гас)** | Нема на располагање. |
| **Долна и горна граница на експлозивност** | Нема на располагање. |

**Парен притисок**

| | Притисок на пареа на 20 ˚C | | | Притисок на пареа на 50 ˚C | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име на состојка** | **mm Hg** | **kPa** | **Метод** | **mm Hg** | **kPa** |
| Дестилати (нафта), третирани со водород во присуство на катализатор, тешко парафински | <0.07501 | <0.01 | ASTM D 5191 | | |
| дестилати (нафта) тешки парафински, отстранет восок со растворувач | <0.07501 | <0.01 | ASTM D 5191 | | |
| Дестилати (нафта), | <0.07501 | <0.01 | ASTM D 5191 | | |

## СЕКЦИЈА 9: Физички и хемиски својства

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| третирани со водород во присуство на катализатор, тешко парафински | | | | | | |
| дестилати (нафта) лесни парафински, третирани со водород | <0.07501 | <0.01 | ASTM D 5191 | | | |
| Цинк биз[О,О-биз (2-етилхексил)] биз (дитиофосфат) | 0.0000032 | 0.00000043 | EU A.4 | 0.000034 | 0.0000045 | EU A.4 |

**Густина на пареата** Нема на располагање.

**Релативна густина** Нема на располагање.

**Густина** <1000 kg/m³ (<1 g/cm³) at 15°C

**Растворливост(и)**

| Медиум | Резултат |
|---|---|
| вода | Не е растворлив |

**Распределителен коефициент октанол/вода** Не е применливо.

**Температура на самозапалување** Нема на располагање.

**Температура на разложување** Нема на располагање.

**Вискозност** Кинематски: 55 $mm^2/s$ (55 cSt) at 40°C
Кинематски: 9.1 до 10.3 $mm^2/s$ (9.1 до 10.3 cSt) at 100°C

**Експлозивни својства** Нема на располагање.

**Оксидациски својства** Нема на располагање.

### 9.2 Други информации

Нема дополнителни информации.

## СЕКЦИЈА 10: Стабилност и реактивност

**10.1 Реактивност** Не се достапни конкретни податоци од тестирање за овој производ. За дополнителни информации, погледнете во Услови што треба да се избегнуваат и Некомпатибилни материјали.

**10.2 Хемиска стабилност** Производот е стабилен.

**10.3 Можност од опасни реакции** При нормални услови на складирање и употреба, нема да дојде до опасни реакции. При нормални услови на скалдирање и употреба, нема да дојде до опасна полимеризација.

**10.4 Услови што треба да се избегнуваат** Да се избегнуваат сите извори на палење (искра или пламен).

**10.5 Некомпатибилни материјали** Реактивен или некомпатибилен со следниве материјали: оксидациски материјали.

**10.6 Опасни продукти на разложување** Под нормални услови на складирање и употреба, опасни производи на разложување не би требало да се образуваат.

## СЕКЦИЈА 11: Токсиколошки информации

### 11.1 Информации за класите на опасност дефинирани во прописот (ЕК) бр. 1272/2008

**Акутни токсични процени**

| Производ/име на состојка | Орално (mg/kg) | Кожно (mg/kg) | Вдишување (гасови) (ppm) | Вдишување (пареи) (mg/l) | Вдишување (прашина и ситни капки) (mg/l) |
|---|---|---|---|---|---|
| zinc bis[O,O-bis(2-ethylhexyl)] bis(dithiophosphate) | 2500 | N/A | N/A | N/A | N/A |

## СЕКЦИЈА 11: Токсиколошки информации

| | |
|---|---|
| **Информација за веројатните патишта на изложување** | Патишта на внес што се очекуваат: Орално, Кожно, Вдишување, Очи. |

**Потенцијални акутни здравствени ефекти**

| | |
|---|---|
| **Вдишување** | Вдишувањето на пареата во амбиентални услови вообичаено не е проблем поради нискиот притисок на пареата. |
| **Проголтување** | Не се познати значајни ефекти или критични ризици. |
| **Допир со кожа** | Ја обезмастува кожата. Може да предизвика сушење и надразнување на кожата. |
| **Контакт со очи** | Не се познати значајни ефекти или критични ризици. |

**Симптоми поврзани со физичките, хемиските и токсиколошките карактеристики**

| | |
|---|---|
| **Вдишување** | Може да биде опасно ако се вдише при изложување на пареа, кондензација или чад од производи од термичко разложување. |
| **Проголтување** | Нема специфични податоци. |
| **Допир со кожа** | Во несакани симптоми може да бидат следниве:<br>надразнување<br>сувост<br>пукање |
| **Контакт со очи** | Нема специфични податоци. |

**Одложени и непосредни ефекти а исто и хронични ефекти од краткотрајно и долготрајно изложување**

| | |
|---|---|
| **Вдишување** | Прекумерната изложеност на вдишување на капки што се пренесуваат преку воздухот или на аеросоли може да предизвика иритираност на респираторниот тракт. |
| **Проголтување** | Голтањето на големи количества може да предизвика мачнина и дијареја. |
| **Допир со кожа** | Продолжениот или повторен контакт може да ја обезмасти кожата и да доведе до иритираност, пукање и/или дерматитис. |
| **Контакт со очи** | Можен ризик од краткотрајно печење или црвенило ако дојде до случаен контакт со очите. |

**Потенцијални хронични ефекти врз здравјето**

| | |
|---|---|
| **Општо** | ИСКОРИСТЕНИ МОТОРНИ МАСЛА<br>Производите на согорување од работата на моторите со внатрешно согорување ги контаминираат моторните масла за време на употребата. Искористеното моторно масло може да содржи опасни компоненти што потенцијално можат да предизвикаат рак на кожата. Затоа треба да се избегнуваат честите или продолжени контакти со кој било тип и облик на искористено моторно масло и треба да се одржува висок стандард за лична хигиена. |
| **Карциногеност** | Не се познати значајни ефекти или критични ризици. |
| **Мутагеност** | Не се познати значајни ефекти или критични ризици. |
| **Ефекти на развој** | Не се познати значајни ефекти или критични ризици. |
| **Ефекти на плодност** | Не се познати значајни ефекти или критични ризици. |

### 11.2 Информации за другите опасности

#### 11.2.1 Својства за ендокрино пореметување

Нема на располагање.

| | |
|---|---|
| **Remarks - Endocrine dirsupting properties for human health Summary/ Conclusion (All ingredients)** | Нема на располагање. |

#### 11.2.2 Други информации

Нема на располагање.

## СЕКЦИЈА 12: Еколошки информации

### 12.1 Токсичност

| | |
|---|---|
| **Опасности за животната средина** | Штетен за водниот живот со долгорочни последици. |

### 12.2 Постојаност и разложливост

Се очекува дека е биоразложлив.

### 12.3 Биоакумулативен потенцијал

Овој производ не се очекува дека се биоакумулира преку ланецот на исхрана во животната средина.

## СЕКЦИЈА 12: Еколошки информации

### 12.4 Подвижност на почва

**Распределителн коефициент почва/вода ($K_{OC}$)** Нема на располагање.

**Подвижност** Истекувањата може да продрат во почвата и да предизвикаат загадување на подземните води.

### 12.5 Резултати од PBT и vPvB проценка

Производот не ги исполнува критериумите за PBT или vPvB според Регулативата (ЕК) бр. 1907/2006, Анекс XIII.

### 12.6 Други несакани ефекти

**Својства за ендокрино пореметување** Нема на располагање.

**Remarks - Endocrine disrupting properties for environment Summary/ Conclusion (All ingredients)** Нема на располагање.

**Други еколошки информации** Истекувањата можат да создадат филм на водните површини и да предизвикаат физичко оштетување на организмите. Исто така, можно е попречување на трансферот на кислородот.

## СЕКЦИЈА 13: Проблеми што треба да се земат предвид при уништување

### 13.1 Методи за третман на отпад

**Продукт**

**Методи за уништување** Кога е тоа можно, производот да се прати на рециклирање. Да се отстрани преку овластено лице/ лиценциран изведувач за отстранување отпад, во согласност со локалните прописи.

**Опасен отпад** Да.

**Европски каталог за отпад (EWC)**

| Шифра на отпад | Ознака на отпадот |
|---|---|
| 13 02 05* | минерални нехлорирани масла за мотори, за запченици и за подмачкување |

Меѓутоа, отстапувањето од предвидената употреба и/или присуството на какви било можни загадувачи може да бара на крајниот корисник да му се зададе алтернативен кодекс за фрлање на отпадот.

**Пакување**

**Методи за уништување** Кога е тоа можно, производот да се прати на рециклирање. Да се отстрани преку овластено лице/ лиценциран изведувач за отстранување отпад, во согласност со локалните прописи.

**Посебни мерки на претпазливост** Овој материјал и неговата амбалажа мора да се уништат на безбеден начин. Треба да се внимава при ракување на празни садови што не биле измиени или исплакнати. Празната амбалажа или внатрешните кеси може да задржат остатоци од производот. Празните садови претставуваат опасност од пожар бидејќи може да содржат остатоци од запаливи производи и пареи. Празните садови не треба никогаш да се заваруваат, залемуваат или обложуваат со бронза. Да се избегнува разнесување на истурен материјал и истекување и контакт со почва, води, канализација и одводни канали.

**Референци** Commission 2014/955 / EU
Directive 2008/98 / EC

## СЕКЦИЈА 14: Информации за транспорт

| | ADR/RID | ADN | IMDG | IATA |
|---|---|---|---|---|
| **14.1 Број на ОН или идентификациски број** | Не е регулиран. | Не е регулиран. | Не е регулиран. | Не е регулиран. |
| **14.2 Име за транспорт според ОН** | - | - | - | - |
| | | | | |

## СЕКЦИЈА 14: Информации за транспорт

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.3 Класи на опасности при транспорт** | - | - | - | - |
| **14.4 Група за пакување** | - | - | - | - |
| **14.5 Опасности за животната средина** | Не. | Не. | Не. | Не. |
| **Дополнителни информации** | - | - | - | - |

**14.6 Специјални мерки за претпазливост за корисникот** Нема на располагање.

**14.7 Поморски транспорт на големо според инструментите на IMO** Нема на располагање.

## СЕКЦИЈА 15: Информации за прописи

**15.1 Безбедносни, здравствени и еколошки правилници/легислатива специфични за супстанцата или смесата**

**ЕУ Регулатива (EC) No. 1907/2006 (REACH)**

**Анекс XIV - Список на супстанци кои подлежат на авторизација**

**Анекс XIV**

Ниедна од компонентите не е наведна во списокот.

**Супстанци со многу висока загриженост**

Ниедна од компонентите не е наведна во списокот.

**Анекс XVII - Ограничувања за производство, пласирање на пазар и употреба на опасни супстанци, смеси и артикли**

| Производ/име на состојка | % | Назив [Користење] |
|---|---|---|
| Castrol Transmax Agri Trans Plus 80W | ≥90 | 3 |

**Ознака** Не е применливо.

**Други прописи**

**REACH (Регистрација, евалуација, одобрување и ограничување на хемикалии) Статус** Компанијата, како што е утврдено во Дел 1, го продава овој производ во ЕУ во согласност со тековните барања на REACH.

**Список на Соединети Американски Држави (TSCA 8b)** Сите компоненти се активни или изземени.

**Евиденција на залихи на Австралија (AIIC)** Сите компоненти се наведени или изземени.

**Канадски список** Сите компоненти се наведени или изземени.

**Кинески список (IECSC)** Сите компоненти се наведени или изземени.

**Јапонски список (CSCL)** Сите компоненти се наведени или изземени.

**Корејски список (KECI)** Сите компоненти се наведени или изземени.

**Филипински список (PICCS)** Барем една компонента не е наведена.

**Евиденција на залихи на хемиски супстанции на Тајван (TCSI)** Сите компоненти се наведени или изземени.

**Explosive precursors** Не е применливо.

**Супстанции кои го осиромашуваат озонот (1005/2009/EU)**

Не е на список.

## СЕКЦИЈА 15: Информации за прописи

**Претходна информирана согласност (PIC) (649/2012/EU)**

Не е на список.

**Директива Севезо**

Овој производ не е контролиран со Севезо директивата.

**15.2 Проценка на безбедноста на хемикалијата** За една или повеќе супстанции во оваа мешавина е извршена процена на хемиската безбедност. За самата мешавина не е извршена процена на хемиската безбедност.

## СЕКЦИЈА 16: Други информации

**Кратенки и акроними**

ADN = Европска пропис за меѓународен пренос на опсани материи по езера и реки
ADR = Европска спогодба за меѓународен пренос на опсани материи со железница
ATE = Проценета акутна токсичност
BCF = Биоконцентрациски фактор
CAS = сервис за апстракти по хемија
CLP = Регулатива за класификација, одбележување и пакување [регулатива (ЕС) бр. 1272/2008]
CSA = оцена за хемиска безбедност
CSR = извештај за хемиска безбедност
DMEL = изведено ниво на минимален ефект
DNEL = нема изведено ниво на минимален ефект
EINECS = Европска листа на постоечки трговски хемиски супстанци
ES =сценарио на изложеност
EUH statement = CLP-изјава за специфична опасност
EWC = Европски каталог за отпад
GHS = глобален хармонизиран систем за класификација и одбележување на хемикалии
IATA = меѓународно здружение за воздушен транспорт
IBC = средноголем контејнер за неспакувана стока
IMDG = меѓународни поморски опасни добра
LogPow = логаритам од распределителниот коефициент во октанол/вода
MARPOL = Меѓународна спогодба за заштита од загадување од бродови, 1973 као и измените со Протоколот од 1978. ("Marpol" = загадување на морето)
OECD = Организација за економска соработка и рзавој
PBT = перзистентни, биоакумулативни и токсични
PNEC = претскажана концентрација без ефект
REACH = регулатива за регистрација, оценка, одобрување и забрана за хемикалии [Регулатива (ЕС) No. 1907/2006]
RID = регулатива за меѓународен пренос на опасни добра со железница
RRN = REACH регистрациски број
SADT = температура на самозабрзувачко разложување
SVHC = супстанци со многу висока загрженост
STOT-RE = токсичност насочена кон специфичен орган - при повторлива изложеност
STOT-SE = токсичност насочена кон специфичен орган - при еднократна изложеност
TWA (Нормализирано просечно време) = Временски пондериран просек
UN = Обединети Нации
UVCB = Комплексна јаглеводородна супстанција
VOC = испарливи органски соединенија
vPvB = многу перзистентни и многу биоакумулативни
Варира = може да содржи едно или повеќе од следново 64741-88-4 / RRN 01-2119488706-23, 64741-89-5 / RRN 01-2119487067-30, 64741-95-3 / RRN 01-2119487081-40, 64741-96-4/ RRN 01-2119483621-38, 64742-01-4 / RRN 01-2119488707-21, 64742-44-5 / RRN 01-2119985177-24, 64742-45-6, 64742-52-5 / RRN 01-2119467170-45, 64742-53-6 / RRN 01-2119480375-34, 64742-54-7 / RRN 01-2119484627-25, 64742-55-8 / RRN 01-2119487077-29, 64742-56-9 / RRN 01-2119480132-48, 64742-57-0 / RRN 01-2119489287-22, 64742-58-1, 64742-62-7 / RRN 01-2119480472-38, 64742-63-8, 64742-65-0 / RRN 01-2119471299-27, 64742-70-7 / RRN 01-2119487080-42, 72623-85-9 / RRN 01-2119555262-43, 72623-86-0 / RRN 01-2119474878-16, 72623-87-1 / RRN 01-2119474889-13

**Употребена постапка за изведување на класификацијата според Регулатива (ЕУ) бр. 1272/2008 [CLP/GHS]**

| Класификација | Потврдено |
|---|---|
| Aquatic Chronic 3, H412 | Метод на пресметување |

**Целосен текст на класификацијата [CLP/GHS]**

## СЕКЦИЈА 16: Други информации

| | |
|---|---|
| Aquatic Chronic 1 | ОПАСНО ЗА ВОДНАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ДОЛГОРОЧНО) - Категорија 1 |
| Aquatic Chronic 2 | ОПАСНО ЗА ВОДНАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ДОЛГОРОЧНО) - Категорија 2 |
| Aquatic Chronic 3 | ОПАСНО ЗА ВОДНАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ДОЛГОРОЧНО) - Категорија 3 |
| Asp. Tox. 1 | ОПАСНОСТ ОД АСПИРАЦИЈА - Категорија 1 |
| Eye Dam. 1 | СЕРИОЗНО ОШТЕТУВАЊЕ/ ИРИТАЦИЈА НА ОЧИТЕ - Категорија 1 |
| Skin Sens. 1B | СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА НА КОЖАТА - Категорија 1B |

**Европа**

| | | |
|---|---|---|
| **Целосен текст на скратените H соопштенија** | H304 | Може да е смртоносен ако се проголта или ако влезе во дишните патишта. |
| | H317 | Може да предизвика алергиска реакција на кожата. |
| | H318 | Предизвикува сериозно оштетување на очите. |
| | H410 | Многу токсичен за водниот живот со долгорочни последици. |
| | H411 | Токсичен за водниот живот со долгорочни последици. |
| **Целосен текст на класификацијата [CLP/ GHS]** | Aquatic Chronic 1 | ОПАСНО ЗА ВОДНАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ДОЛГОРОЧНО) - Категорија 1 |
| | Aquatic Chronic 2 | ОПАСНО ЗА ВОДНАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ДОЛГОРОЧНО) - Категорија 2 |
| | Asp. Tox. 1 | ОПАСНОСТ ОД АСПИРАЦИЈА - Категорија 1 |
| | Eye Dam. 1 | СЕРИОЗНО ОШТЕТУВАЊЕ/ ИРИТАЦИЈА НА ОЧИТЕ - Категорија 1 |
| | Skin Sens. 1B | СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА НА КОЖАТА - Категорија 1B |

**Историја**

| | |
|---|---|
| **Датум на издавање/ Датум на ревизија** | 15/08/2024. |
| **Датум на претходно издание** | |
| **Приготвено од** | Product Stewardship |

**Означува информација што е сменета од претходно издадената верзија.**

**Забелешка за читателот**

Сите разумно возможни чекори се преземени за да се загарантира дека овој податочен лист и информациите за здравјето, безбедноста и животната средина содржани во него се точни на датумот наведен подолу. Никаква гаранција или изјава, изречна или навестена, не е дадена во однос на точноста или целосноста на податоците и информациите во овој податочен лист.

Дадените податоци и совети важат кога производот се продава за наведената употреба или употреби. Не треба да го користите производот за друго освен за наведената употреба или употреби без да побарате совет од Групата BP.

Корисникот има обврска да го процени и користи овој производ безбедно и да се усогласи со сите важечки закони и прописи. Групата BP нема да сноси одговорност за каква било штета или повреда што произлегува од употребата, освен наведената употреба на производот, на материјалот, од какво било непочитување на препораките или од какви било опасности кои се својствени за природата на материјалот. Оние кои го купуваат производот за да го испорачаат на трета страна за употреба на работа имаат обврска да ги преземат сите неопходни чекори да загарантираат дека секое лице што ракува или го користи производот ги добило информациите во овој лист. Работодавачите имаат обврска да им кажат на вработените и на другите кои може да бидат засегнати за сите опасности опишани во овој лист и за сите мерки за претпазливост што треба да се преземат. Може да стапите во контакт со Групата BP за да се уверите дека овој документ е најновиот што е достапен. Менувањето на овој документ е строго забрането.

## СЕКЦИЈА 16: Други информации

## СЕКЦИЈА 16: Други информации